**З А П И С Н И К**
**Од 10 - та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 23.04.2026 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 21 член на Советот.

Потоа ја отвори 10-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:13 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 9-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 9-та седница и по гласањето се утврди дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ беше усвоен Записникот од 9-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес;
3. Предлог - одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
4. Предлог - правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес;
5. Предлог – одлука за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес;
6. Предлог - правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“;
7. Предлог - одлука за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“;
8. Предлог - правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“;
9. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци;
10. Предлог - одлука за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес;
11. Предлог – одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес;
12. Предлог - одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи” Велес;
13. Предлог – одлука за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село;
14. Предлог - одлука за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес;
15. Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година;
16. Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година;
17. Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година;
18. Предлог – за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година;
19. Предлог – програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес;

20. Предлог – одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски“ и ул. „Новопланирана улица 1“ Општина Велес (Обединета постапка);
21.Извештај за работењето и резултати по завршна сметка на ЈКП „Дервен“ Велес во 2025 година;
22.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци, Велес за 2027 година;
23.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2027 година;
24.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2027 година;
25.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес за 2027 година;
26. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2026 година;
27. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2027 година;
28. Предлог – решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари;
29. Предлог – решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства неупотребливи учебници на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес;
30. Извештај за работата на Општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво за 2025 година;
31.Предлог – одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво;
32.Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес;
33.Предлог – решение за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес;
34.Предлог – решение за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;

Претседателот наведе дека од страна на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес е доставено Барање со арх.бр.09-2043/1 од 22.04.2026 година за дополнување на Дневниот ред со точка предложена по итна постапка – Предлог – решение за давање согласност на Статут на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес. Се премина кон гласање. По гласањето се констатираше дека од 21 присутен член на Советот со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ точката стана составен дел на Дневниот ред за денешната седница под ред.бр.22.

Потоа претседателот наведе дека од страна на Советничката група на Левица, се пристигнати две Барања за дополнување на Дневниот ред за денешната седница и тоа: Барање со арх.бр.09-2036/1 од 22.04.2026 година за Активно аплицирање на повици, на проекти финансирани од ЕУ поврзани со иновациски проекти, зелена транзиција, дигитализација, соработка со граѓански организации и универзитети преку платформата https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/home.

Претставник на предлагачот, Звезданка Пешиќ даде образложение по предложениот материјал. Се премина на гласање и со 6 гласа „за“ и 16 гласа „воздржан“, точката не го доби потребното мнозинство за да стане составен дел на Дневниот ред за денешната седница.

Потоа се разгледа второто Барање со арх.бр.09-2032/1 од 22.04.2026 година – Иницијатива за разгледување на можноста за интеграција на дигитална платформа за управување со пријави од граѓани.

Претставник на предлагачот, Анета Стајиќ даде образложение по предложениот материјал.Се премина кон гласање и со 3 гласа „за“ и 19 гласа „воздржан“, точката не го доби потребното мнозинство за да стане составен дел на Дневниот ред за денешната седница.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 22 присутни членови на Советот со 21 гласа „за“ и 1 глас „воздржан“ се усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес;
3. Предлог - одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
4. Предлог - правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес;
5. Предлог – одлука за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес;
6. Предлог - правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“;
7. Предлог - одлука за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“;
8. Предлог - правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“;
9.Предлог – одлука за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци;
10.Предлог - одлука за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес;
11. Предлог – одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес;
12. Предлог - одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи” Велес;
13. Предлог – одлука за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село;
14.Предлог - одлука за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес;
15.Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година;
16.Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година;
17.Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година;
18. Предлог – за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година;
19. Предлог – програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес;
20. Предлог – одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски“ и ул. „Новопланирана улица 1“ Општина Велес (Обединета постапка);
21.Извештај за работењето и резултати по завршна сметка на ЈКП „Дервен“ Велес во 2025 година;
22.Предлог – решение за давање согласност на Статут на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес;

23.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци, Велес за 2027 година;
24.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2027 година;
25.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2027 година;
26.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес за 2027 година;
27. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2026 година;
28. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2027 година;
29. Предлог – решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари;
30. Предлог – решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства неупотребливи учебници на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес;
31. Извештај за работата на Општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво за 2025 година;
32.Предлог – одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво;
33.Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес;
34.Предлог – решение за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес;
35.Предлог – решение за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1.Советнички прашања**

**Јованче Манасков (сите прашања да се одговорат писмено)**

1.Зошто за ОУД „Лазар Лазаревски“ плаќа паушално за комунални услуги за вода, односно нема водомер?
2.Зошто нема обезбедување во ОУД „Лазар Лазаревски“ и зошто настанот со напуштање на работно место на наставник од страна на Директорот бил подоцна пријавен...
3. Согласно Извештајот за реализација на Програмата за јавна чистота по кои ставки се потрошени парите за Питијада ...
4.Зошто времените објекти на малото пазарче ќе се отстрануваат и по која постапка?
5. Кога ќе почнат активностите за канализациона мрежа во Карласлари(почеток на селото)?

**Драган Стојанов**

1.Дали планирате санација на ѕидот на градинката кај ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес?(одговорено од Градоначалник)
2.Што се случува со неискористениот простор кај поранешните гаражи помеѓу ул. Асном и ул. Крсте Петков Мисирков?(одговорено од Градоначалник)

**Мирјана Петрушевска Савова**

1.Кога ќе се исчисти пешачкото мовче позади поранешно бифе „Марија“?(одговорено од Градоначалник)
2. Кога ќе се санира дупката кај Ракометното игралиште? (одговорено од Градоначалник)
3. Дали КП бр.277 КО Отовица, КП бр.283 КО Отовица и КП бр.286 КО Отовица имаат поднесено барања за легализација?(писмено)

**Анета Стајиќ**

1.Дали сметате дека систематска стерилизација на кучињата претставува ефективен и економски оправдан инструмент за намалување на нивната популација и дали општината има изработено анализа за потенцијално намалување на овие буџетски трошоци за обештетување и функционирање на Стационарот како резултат на ваква мерка? (одговорено од Градоначалник)
2. Имајќи ја во предвид долгогодишната соработка со Атлетскиот клуб „Борец“ во развојот на Трката „Трчаме за Рацин“, како и неодамнешната одлука на Општина Велес да се јави како организатор, дали ваквиот пристап може да се толкува како демотивирачки сигнал до граѓаните, односно нивните иницијативи и придонеси кои со години вложувале во градење на настанот? Дополнително, дали Општината разгледала партнерски модел со постојаните организатори со цел зачувување на континуитетот, експертизата и довербата на заедницата? Кои механизми планирате да ги обезбедите за транспарентност, инклузивност и фер третман за сите засегнати страни во иднина? (одговорено од Градоначалник)

**Звезданка Пешиќ**

1. Дали постројката кај хотел „Интернационал“ е направена според стандарди и дали постои можност за нејзино дислоцирање или повлекување повнатре, од причина што се создава сообраќаен хаос? (одговорено од Градоначалник)
2. До каде е постапката за објавување на Јавен оглас за вработување на инспектор за животна средина? (одговорено од Градоначалник)
3. До каде е постапката за утврдување одговорност за уривањето на Работничкиот универзитет? (одговорено од Градоначалник)

**Димче Ацков**

1.Кој е надлежен орган за вршење надзор врз урбаната опрема на игралиштата во градот и во кој временски интервал треба да се врши инспекција и санација доколку има потреба и кој ја носи одговорноста за нивното оштетување? (одговорено од Градоначалник)
2.Дали Општината има ангажирано надворешна фирма која постапува по Решенијата за рушење на бесправно изградени објекти и по колку од нив е постапено во изминативе 2-3 години и кои се причините за евентуално непостапување?(ќе се одговори подетално писмено во делот на бројот на постапени предмети).

**ТОЧКА 2. Информација за реализација на паркинг простор согласно ДУП за У1Б за УБ 10**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева и Градоначалникот беше дадено појаснување по предложениот материјал.
Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Звезданка Пешиќ,
Одговор на поставените прашања дадоа Градоначалникот и овластениот претставник.

По ова точката се разгледа Информацијата за реализација на паркинг простор согласно ДУП за У1Б за УБ 10 за 2025 година.

**ТОЧКА 3. Предлог - Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Јованче Манасков, Мирјана Петрушевска Савова, Лилија Чолакова Дервишова, Маја Демерџиева, Селма Амедоска и Анета Стајиќ.

Членот Јованче Манасков ги постави следните прашања:

1. Од кои училишта и од кои конта се останати финансиски средства?
2. Не е прецизирано на кое училиште ќе се распределуваат финансиски средства за реконструкција на објекти, колку средства и по кои критериуми се распределени средствата?

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 4. Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес**

Амандман со бр.08-1935/3 од 22.04.2026 година, поднесен од страна на Градоначалникот станува составен дел на точката.
Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по Амандманот.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес.

**ТОЧКА 5. Предлог – одлука за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес**

Амандман со бр.08-1935/4 од 23.04.2026 година, поднесен од страна на Градоначалникот станува составен дел на точката.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања, реплика и контрареплика се јавија: Селма Амедоска, Јованче Манасков, Маја Демерџиева, Звезданка Пешиќ, Елизабета Митревска Анѓелеска, Анета Стајиќ.

Одговор на поставените прашања дадоа: претседателот и градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес.

**ТОЧКА 6.Предлог - правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“**

Амандман со бр.08-1935/5 од 23.04.2026 година, поднесен од страна на Градоначалникот станува составен дел на точката.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по Амандманот.

Амандман со бр.08-2057/1 од 23.04.2026 година, поднесен од страна на Советничката група на Левица.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот и истиот не е изготвен согласно Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26) и истиот е беспредметен да се разгледува.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Анета Стајиќ и Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“, се донесе Правилникот за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“.

**ТОЧКА 7. Предлог - одлука за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“**

Амандман со бр.08-1935/6 од 23.04.2026 година, поднесен од страна на Градоначалникот станува составен дел на точката.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по Амандманот.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Од страна на членот на Советот, Весна Атанасовска беше предложена Елизабета Митревска Анѓелеска да биде член на Организацискиот одбор. Се премина кон гласање и со 19 гласа „за“ предлогот го доби потребното мнозинство.

Од страна на членот на Советот, Елизабета Митревска Анѓелеска, беше предложена Весна Атанасовска за член на Организацискиот одбор. Се премина кон гласање и со 18 гласа „за“ предлогот го доби потребното мнозинство.

Од страна на Анета Стајиќ беше предложена Звезданка Пешиќ за член на Организацискиот одбор. Се премина кон гласање и со 3 гласа „за“ не го доби потребното мнозинство.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“ со кое се именуваат: Александра Иванова, Славче Велков, Жарко Атанасовски, Сашо Андреев, Влатко Јаковлевски, Дејан Таневски, Маринела Велковска, Надица Габерова, Елизабета Митревска Анѓелеска и Весна Атанасовска.

**ТОЧКА 8.Предлог - правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација Верица Тодоровска Дацева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушевска Савова и Анета Стајиќ.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“.

**ТОЧКА 9. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Анета Стајиќ и Мирјана Петрушевска Савова.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „против“ се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци.

**ТОЧКА 10.Предлог - одлука за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес.

**ТОЧКА 11.Предлог – одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Анета Стајиќ, Мирјана Петрушевска Савова и Димче Ацков.
Одговор на поставените прашања дадоа претседателот и секретарот.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес.

**ТОЧКА 12. Предлог - одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи” Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде секретарот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи” Велес.

**ТОЧКА 13.Предлог – одлука за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Елизабета Митревска Анѓелеска.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село.

**ТОЧКА 14. Предлог - одлука за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.
Се отвори расправа.
За расправа со прашања, дискусија и реплика се јавија: Мирјана Петрушевска Савова, Маја Демерџиева, Анета Стајиќ, Слободан Ников, Селма Амедоска и Звезданка Пешиќ.
Одговор на поставените прашања даде Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес.

**ТОЧКА 15. Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.
Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година.

**ТОЧКА 16. Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година.

**ТОЧКА 17. Предлог – одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година.

**ТОЧКА 18. Предлог – програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 19.Предлог – програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес.

**ТОЧКА 20. Предлог – одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски“ и ул. „Новопланирана улица 1“ Општина Велес (Обединета постапка)**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на Нацрт Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски“ и ул. „Новопланирана улица 1“ Општина Велес (Обединета постапка).

**ТОЧКА 21. Извештај за работењето и резултати по завршна сметка на ЈКП „Дервен“ Велес во 2025 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на финансискиот директор на ЈКП „Дервен“ Велес, Васил Николов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Маја Демерџиева, Мирјана Петрушевска Савова, Звезданка Пешиќ, Елизабета Митревска Анѓелеска, Драган Стојанов, Анета Стајиќ и Лилија Чолакова Дервишова.
Одговор на поставените прашања дадоа извршниот директор и директорот на ЈКП „Дервен“ Велес.
Кон одговорот се приклучи и Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 15 гласа „за“, 3 гласа „воздржан“ и 3 гласа „против“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се усвои Извештајот за работењето и резултати по завршна сметка на ЈКП „Дервен“ Велес во 2025 година.

**ТОЧКА 22. Предлог – решение за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, Снежана Бошевска беше дадено појаснување по предложениот материјал.
Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“.

**ТОЧКА 23. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци, Велес за 2027 година**

Александар Илиевски, член на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци, Велес, Трајче Недев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци, Велес за 2027 година.

**ТОЧКА 24.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2027 година**

Александар Илиевски, член на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес, Габриела Бачманова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутен, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2027 година.

**ТОЧКА 25.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2027 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, Васко Трајковски беше дадено појаснување по предложениот материјал.
Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 17 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2027 година.

**ТОЧКА 26.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес за 2027 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес, Илија Попов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес за 2027 година.

**ТОЧКА 27.Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ССОУ „Димитрија Чуповски“, Горан Јанков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорот. Ќе достави и дополнителен одговор писмено.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 14 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (членовите Селма Амедоска, Нада Јованова и Благојка Наунова се иземаат од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2026 година.

**ТОЧКА 28.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2027 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ССОУ „Димитрија Чуповски“, Горан Јанков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 14 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (членовите Селма Амедоска, Нада Јованова и Благојка Наунова се иземаат од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2027 година.

**ТОЧКА 29.Предлог – решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари - Амра Хоџиќ беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари.

**ТОЧКА 30.Предлог – решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства неупотребливи учебници на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес, Илија Попов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност за отпис и расходување на основни средства неупотребливи учебници на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес**.**

**ТОЧКА 31.Извештај за работата на Општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво за 2025 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претседателот, Даниел Јаневски беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за работата на Општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво за 2025 година.

**ТОЧКА 32.Предлог – одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева, беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Одлуката за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво.

**ТОЧКА 33. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес со кое се констатира престанок на мандатот на: д-р Жарко Манасков, д-р Снежана Петрова, д-р Родна Јорданова, д-р Лилија Чолакова Дервишова и д-р Весна Маркова.

**ТОЧКА 34.Предлог – решение за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес со кое се именуваат: Лилија Чолакова Дервишова, Фатма Емрулова, Ѓорѓи Љапов, Кристина Петрова и Наталија Петковска.

**ТОЧКА 35.Предлог – решение за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се констатира престанок на мандатот на: Маја Демерџиева.

Седницата беше закажана за во 09:00 часот, започна со работа во 10:13, а заврши во 19:45 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
.05.2026 година
Велес